Бр./Nr 12-6663/1

30-06-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-624/1 од 28.01.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-624 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-624/1 од 28.01.2020 година е оформен врз основа на поднесена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот). Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластување, т.е. за несовесно и нестручно извршување на судиската функција од страна на службено лице ///, судија на ////, по судски предмет ///, каде тужител е подносителот против ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази како поткрепа на наводите.

Со увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување од нејзина страна. Надлежен орган за постапување по пријавата на подносителот е Судски совет на РСМ, заради што ДКСК одлучија истата да ја проследи на надлежно постапување до овој орган

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk